СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Број 09-1501/2
06.05.2026
Делчево

ЗАПИСНИК
Од одржаната Вонредна седница

Вонредната седница се одржа на ден 06.05.2026 година, во Мултифункционалниот центар, со почеток во 13:00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Советот на Општина Делчево.

Оправдано отсутен беше Виктор Ѓеорѓиевски.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот кој рече денешната Вонредна седница е свикана поради елементарната непогода – голомразица која го зафатило подрачјето на нашата Општина на 1 мај 2026 година.

За Вонредната седница тој предложи дневен ред со единствена точка и тоа:

1. Предлог-Одлука за констатирање на елементарна непогода-голомразица на територијата на општина Делчево;

Дневниот ред со единствената точка беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, дневниот ред за Вонредната седница беше усвоен.

Претседателот отвори расправа.

За збор се јави Игор Гошевски кој рече дека во комуникација со граѓаните тие бараат да не се одржува само формално вонредна седница туку да се направат напори да се исплати отштета на граѓаните бидејќи имаат лошо искуство од претходни години. Тој потенцираше дека е потребно да се направат напори да се обезбедат средства за исплата на граѓаните. Исто така, граѓаните прашувале околу условите и потребната документација за поднесување на барања, како и за комисијата која треба да врши проценка.

Претседателот на Советот рече дека денеска на дневен ред е само донесување на Предлог-Одлука за констатирање на елементарна непогода-голомразицана територијата на општина Делчево. Општинската администрација ќе објави Јавен повик во кој ќе се наведат условите за аплицирање и потребната документација, а потоа на наредна саедница ќе се формира и Комисијата.

Исусе Десподовски рече дека ова е чувствителна тема и треба сериозно да се пристапи кон неа, затоа што граѓаните имаат лошо искуство од претходни

години. За неисплата на штетата од претходната година, вината е во општинската администрација на претходниот градоначалник која не ја водела и не ја истерала постапката до крај. Досега не е исплатена ниту една отштета (ниту поплава, ниту град, ниту мраз). Тој рече дека според него е многу важно општината да издејствува Владата да одобри средства за исплата на отштетата, да имаат луѓето некој вид на гаранција. Сите знаеме дека Општината нема доволно средства за исплата, т.е. обесштетување на луѓето, а Советот на Општината може да донесе само одлука за констатирање на елементарна непогода, рече тој.

Игор Гошевски рече дека мора да се води сметка да не се изложуваат граѓаните на трошоци за вадење на потребната документација доколку не се обезбедат средства за исплата на отштета на граѓаните.

Тони Стаменковски рече дека во претходниот состав на Советот имало иста ситуација, Советот донел Одлука за констатирање на елементарна непогода, била формирана комисија, бил објавен повик, а граѓаните не биле обесштетени односно не била исплатена отштета. Во Комисијата ланската година бил и сегашниот градоначалник Иван Гоцевски и тој треба да знае зошто не се исплатиле средства на луѓето. Тој истакна дека има информации дека постапката била прекината од страна на поранешниот градоначалник Горан Трајковски и поранешниот министер. Тој смета дека не треба да се изложуваат граѓаните на непотребни трошоци доколку не се обезбедат средства за исплата бидејќи навистина е направена штета. Оштетувањето на овошките е од 50% до 70% кај вишните и оревите и 100% кај сливите. Добро би било да е тука градоначалникот Иван Гоцевски и да нѐ информира за причините зошто не се обештетени земјоделците од ланската година заради голомразицата, рече тој.

Николчо Стојменовски претседател на Советот рече дека причините за тоа што не биле обесштетени земјоделците е во тоа што не била завршена целосно постапката од страна на општинската администрација од претходниот градоначалник.

Исусе Десподовски реплицираше на Т.Стаменковски и рече дека вината е кај претходниот градоначалник и општинската администрација бидејќи не ја завршиле целосно постапката, не изготвиле Елаборат и не го доставиле до Владата и Министерството. Други општини како Росоман, Градско и др.кои биле погодени од мраз, ангажирале надворешен проценител, изготвиле Елаборат и навреме го доставиле до Владата и ресорното министерство и земјоделците се обештетени. Не треба да се шират невистини дека Владата и министерството не даваат пари, рече тој.

Тони Стаменковски рече дека сегашниот градоначалник, а советник во претходниот состав на Советот, бил член на Комисијата за проценка и требало да биде присутен на денешната седница и да каже зошто не е завршена целосно постапката за обештетување на земјоделците.

Исусе Десподовски рече дека застојот и проблемот е во поранешната општинска администрација.

Претседателот на Советот рече дека на денешната седница во врска со елементарната непогода голомразица ќе се обрати и претставник на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кој ќе ги соопшти од прва рака првичните информации за штетата која ја зафати територијата на нашата општина.

Дејан Јовановски како претставник на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство истакна дека ланската година биле пријавени 920 ха површина на регистрирани земјоделски стопанства од кои најголем број биле насади со слива, потоа ореви и јаболка. Министерството нема податок за земјоделците кои не се регистрирани. Тој истакна дека биле на терен и на некои места имало 100% штета кај сливите, од 50 до 70% кај вишната.

Игор Гошевски рече дка во Делчево од 1000 ха површина речиси 50% се насади со слива кај која е констатирана голема штета речиси 100%, а надоместокот за отштета е само 5% од проценетата штета и тоа е навистина многу малку. Затоа тој предложи ако може да се издејствува поголем процент исплата за штетата на земјоделците или 15%.

Дејан Јовановски рече дека минималниот процент за обештетување е 5% а максималниот 20%.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а на гласање беше ставена Одлуката за констатирање на елементарна непогода-голомразица на територијата на општина Делчево.

Едногласно со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Вонредната седница заврши во 13:25 часот.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски

Записникот го водела
Снежана Трајкова